# ПРАВИЛНИК

# за работа

# на

# Судиска Комисија

при **Шаховската Федерација на Македонија (ШФМ)**

**Општи одредби**

Со работата и организацијата на шаховските судии раководи Судиска Комисија (СК) .

Судиската Комисија е колективен орган и се состои од 3 (три) члена (претседател и двајца членови) избрани од страна на Управниот одбор (У.О.) на Шаховската Федерација на Македонија (ШФМ) на предлог од членовите на судиската организација. Мандатот на членовите на Судиската Комисија е 4 (четири) години.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на член на Судиската Комисија, по било кој основ, Управниот одбор (У.О.) на Шаховската Федерација на Македонија (ШФМ) именува нов член, чиј мандат трае до истекот на мандатот на останатите членови.

Правилникот за работа е основен акт на Судиската Комисија при ШФМ и сите други акти мора да бидат во согласност со одредбите од овој Правилник.

Нацртот на измени и дополнувања на овој Правилник го припрема и утврдува Судиската Комисија и го упатува на јавна расправа на членовите на судиската организација.

Судиската Комисија по анализа на забелешките кои се дадени во текот на расправата, завзема став и го утврдува конечниот предлог на Правилникот и го доставува до Управниот одбор (У.О.) на Шаховската Федерација на Македонија (ШФМ) на усвојување.

Толкување на одредбите од овој Правилник и на другите општи акти дава Судиската Комисија.

Шаховски судија може да биде секој полнолетен граѓанин на Р.С. Македонија кој ги исполнува минималните услови, дефинирани во овој правилник, за добивање на FIDE судиска лиценца.

Сите официјални натпреварувања од календарот на ШФМ ги судат лиценцирани и квалификувани шаховски судии.

## I. Цели на Судиската Комисија

- Развој и унапредување на шахот со активно делување на шаховските судии

- Да го штити достоинството на шаховските судии, да изработува Тарифници за хонорари на шаховските судии и предлози за измена на истите и да ги доставува до Управниот одбор (У.О.) на Шаховската Федерација на Македонија (ШФМ) на одобрување

- Да ја подигнува спортската култура и етика на шаховските судии, организатори и натпреварувачи

- Наобразба, следење, унапредување и постојано усовршување на шаховските судии

- Да дава предлози до Управниот одбор (У.О.) на Шаховската Федерација на Македонија (ШФМ) за делегирање на судии за сите официјални натпреварувања од календарот на ШФМ

- Активно да ја контролира работата на шаховските судии

За законито, стручно и правовремено извршување на доверените активности, Судиската Комисија е одговорна пред своите членови, Управниот одбор (У.О.) на Шаховската Федерација на Македонија (ШФМ) и организаторите на шаховските натпревари.

## II. Права и задолженија на Шаховските судии

### II.1 Права на Шаховските судии:

- Да раководат со шаховските натпреварувања

- Да учествуваат во работата на Судиската Комисија при ШФМ

- Да предлагаат и да бидат бирани во раководните органи на Судиската Комисија

- Да учествуваат на судиски курсови и семинари, да ги надградуваат и усовршуваат своите знаења

- Совесно да ги исполнуваат сите доверени задачи кои им се доверени од страна на Судиската Комисија

- Да се грижат за обезбедување на целокупната лична документација во поглед на признавање на судиските норми, лиценци и категориии

- Да учествуваат во спроведување на активности  и во остварување на сите други права кои се од заеднички интерес

**II.2 Задолженија на Шаховските судии**:

Должностите на шаховските судии се определени со Правилникот на шаховската игра, Турнирските правила на Меѓународната Шаховска Организација (FIDE) и со Турнирскиот правилник.

- Одлично да го познават Правилникот на шаховската игра и сите други Правилници на Меѓународната Шаховска Организација (FIDE )

- Објективно и принципиелно непосредно да раководат со шаховските натпреварувања

- Да ги следат и редовно да се информираат за сите промени во Правилниците на Меѓународната Шаховска Организација (FIDE)

- Пред натпреварувањето, да му помагаат на организаторот во припремите, по потреба да изработуваат дополнувања на Правилникот на натпреварувањето, да ги контролираат условите за одржување на натпреварувањето, опремата и реквизитите и да настојуваат истите да бидат во согласност со прописите

- За време на натпреварувањето одговараат за неговата регуларност, ја обезбедуваат и водат целокупната документација

- Да ги запазуваат етичките принципи на Fair-Play,

- Да го следат кодексот на пристојно облекување

- Во предвидениот рок да ги доставуваат извештаите од одржаните натпреварувања до Судиската Комисија и до органите на управување на ШФМ.

**III. Систем на категоризација и класификација на Шаховските судии**

Секој шаховски судија мора да поседува валидна судиска FIDE лиценца. Судиската Комисија води ажуриран регистар на сите ФИДЕ лиценцирани судии.

- Судиски категории се:

1. <u>Национален судија (National Arbiter)</u>,

Категоријата Национален судија (National Arbiter) се утврдува од Судиската Комисија. Услови за стекнување на оваа категорија:

- Кандидатот да поседува ФИДЕ код и да е на МКД листа

- Кандидатот да е полнолетен

- Кандидатот успешно да го помине тестот за Национален судија (NA).

Тестирањето го спроведува трочлена испитна комисија составена од Претседател и двајца членови, именувани од Судиската Комисија. Тестирањето може да се одвива по усмен или писмен пат. Тестот го изработува испитната комисија и истиот треба да ги содржи минимално следните теми од актуелниот Правилник на FIDE за шаховски судии:

- Правила на шахот

- Основни познавања на правилата за стекнување со титули (играчки и судиски титули)

- Основни познавања на прописите за рејтингување на турнири

- Типови на турнири и турнирски правила

За претседател на испитната комисија може да биде наименуван само шаховски судија со валидна FIDE лиценца и меѓународна титула (ФИДЕ судија (FIDE Arbiter) или Меѓународен Судија (International Arbiter)).

2. ФИДЕ судија (FIDE Arbiter)

3. Меѓународен Судија (International Arbiter).

Категориите ФИДЕ судија (FIDE Arbiter) и Меѓународен Судија (International Arbiter) се утврдуваат од Судиската Комисија на Меѓународната Шаховска Организација (FIDE).

- Според улогата на натпреварот шаховскиот судија може да биде:

1. Главен судија

Главниот судија е одговорен за регуларност на натпреварот во целост. Главниот судија го одредува распоредот и должностите на својот заменик и останатите судии. Одлуките на главниот судија се извршни. Во случај на повреда на правилата наведени во Правилникот на шаховската игра донесен од FIDE, главниот судија има право да ја преиначи одлуката на својот заменик или на помошниците.

Главниот судија има обврска навремено да достави барање за рејтингување на турнирот како и навремен извештај од турнирот до рејтинг администраторот при ШФМ.

2. Заменик на главниот судија

Заменикот на главниот судија го заменува главниот судија во негово отсуство и има право да донесува извршни одлуки.

3. Помошник судија

Помошник судија е одговорен за регуларност во дел од натпреварот и нема право да носи извршни одлуки.

Судиската Комисија дава предлози за именување на Главен судија на турнирите од официјалниот календар на ШФМ (Шаховска Федерација на Македонија). Судиската Комисија ги одредува помошните судии со консултација и согласност на Главниот судија.

## IV. Дисциплинска одговорност, спорови и арбитража

За сите прекршувања, грешки, материјални повреди на Правилниците на Меѓународната Шаховска Организација (FIDE ), непримерено или неодговорно однесување при извршување на своите должности шаховскиот судија одговара пред Судиската Комисија и органите на ШФМ и сноси дисциплинска одговорност.

Споровите кои се случиле за време на натпреварувањето се проследуваат до Турнирски одбор избран непосредно пред почетокот на натпреварувањето. Решенијата на турнирскиот одбор се конечни за определеното натпреварување

Споровите кои кои не се поврзани директно со натпреварувањето се доставуваат до Судиската Комисија, која е единствено надлежна да дава одговори по сите принципиелни спорни случаи.

Скопје, Април 2022 година

Шаховска Федерација на Македонија

Претседател

Саша Богдановиќ